| Надлежен орган: |
|---|

# ВАЖНО ИЗВЕСТУВАЊЕ

**(Правна поука според чл. 22 став 3
од Законот за азил)**

| Презиме: |
|---|
| Име: |
| Датум на раѓање: |
| Државјанство: |

**Број на предмет:**
(Задолжително да се наведе)

Почитуван барател на азил,

вие барате да ви се одобри азил во Сојузна Република Германија. Со тоа тврдите дека барате заштита од прогон или од сериозна опасност.

Разгледување на вашата желба да добиете азил и ваше признавање како лице што ужива азил е можно само ако поднесете формално барање. Обврзан/а сте да го поднесете барањето во писмена форма во надлежното одделение на Сојузната служба за миграција и бегалци. Дури потоа ќе се спроведе постапка за азил. Во рамките на постапката ќе биде одржана средба, на која ќе имате можност да го образложите барањето.

Откако ќе го поднесете барањето, за целите на постапката за азил добивате дозвола за привремен престој, која ви овозможува да престојувате во округот, во кој се наоѓа прифатниот центар.

Најпрво ќе бидете испратен/а во прифатен центар, кој ќе послужи за ваше сместување во текот на постапката за азил. Во прифатниот центар ќе ви биде соопштено во кое одделение на Сојузната служба за миграција и бегалци треба да го поднесете барањето за азил. Затоа ве молиме неодложно, а најдоцна до ......................... да се пријавите во следниот прифатен центар: ..........................................................................................................................

..............................................................................................................................................

**Ако не ја исполните оваа обврска, ќе се смета дека сте го повлекле барањето за азил и нема да биде започната постапка за доделување азил. Ако друга европска држава е надлежна за разгледување на вашето барање за заштита, Сојузната служба ќе одлучи да бидете пренесен/а таму. Таква одлука ќе биде донесена дури и ако не се појавите лично во горенаведениот термин.**

**Денес ја примив оваа поука.**

**Поуката денес ми беше преведена на македонски јазик. Потврдувам дека ја разбрав содржината.**

.................................................. ..................................................................................................

место датум потпис на барателот одн. на законскиот застапник